## ВОВЕД

Предзвиците пред социјалните држави видени низ демографските, социо-економските, финансиските и другите параметри се сè поизразени. Промените кои ваквите предизвици ги налагаат наметнуваат јавна и општествена одговорност, како пред владите, така и пред истражувачите, за воведување реформи засновани на докази. Во таа насока, истражувањата кои ги идентификуваат нефункционалните мерки и услуги кои треба да се редефинираат, кои ги мапираат идните потреби на корисниците и кои предлагаат алтернативи за одржливи социјални права и услуги се повеќе од неопходни. За таа цел, генералната тема на четиринаесетиот по ред број на Ревијата за социјална политика ги третира реформските зафати во системите за социјална заштита и социјална политика.

Овој број го сочинуваат четири труда кои се засноваат на различни аспекти на реформи во социјалната заштита, кои се во тек или кои веќе се спроведени во регионот. Првиот труд (Лескошек и Драгош) го проблематизира условувањето во пристапот и обезбедувањето на паричната помош во социјалната заштита. Трудот прави теоретски осврт на придобивките и недостатоците на условувањето и селективноста во администрирањето на паричните права, укажувајќи притоа на искуствата на тој план во Словенија. Како што укажуваат авторите, последиците од промените во законодавството во Словенија, поврзани со активацијата на корисниците и нивно санкционирање доколку не ги почи-

## INTRODUCTION

Challenges confronting welfare states viewed through demographic, socio-economic, financial and other aspects are increasingly pronounced. The changes that these challenges refer to require public and social responsibility, both by the governments, but also by the researcher perspective in relation to introducing evidence-based reforms. In that respect, researches identifying non-functional measures and services that need to be redefined, mapping the future needs of the beneficiaries and offering alternatives for sustainable provision of social rights and services are more than necessary. Hence, the general theme of the fourteenth consecutive number on Journal of Social Policy elaborates the topic of reform activities in social protection systems.

This issue consists of four papers based on various aspects of reforms in social protection, both in progress or already carried out in the region. The first paper (Leskosek and Dragos) problematizes the conditionality related to access and provision of financial assistance in social protection. The paper provides both theoretical and applicative overview of the benefits and disadvantages of conditionality and selectivity in administering financial rights, pointing out the experiences in Slovenia. As the authors point out, the consequences of the changes in the legislation in Slovenia related to the activation of the beneficiaries and their sanction if they

туваат обврските, придонело за намалување на бројот на приматели на социјална помош. Исто така, оваа политика придонела за „зголемување на сиромаштијата, особено кај постарите луѓе и жени, бидејќи изгубиле финансиски бенефиции кои не произлегуваат од осигурувањето од старост“.

Следниот текст ги анализира реформите на социјалната заштита во Србија (Перишиќ) низ призмата на политиката на активација на корисниците на социјална помош. Таа истакнува низа предизвици низ кои поминува примената на концептот активација, кој како таков бил оспоруван, како од граѓанските организации, така и од синдикатите. Според авторката,  дел од аргументите за негово оспорување се однесувале на принудната работа и работа во заедницата, кои обвинувале дека „евидентирањето на корисниците на социјална помош како вработени лица, е заради  вештачко зголемување на економските активности на земјата“ и дека „ трудот замислен во прописот за активација може да се опише како принуден, што доведува до прекршување на меѓународните норми“. Авторката заклучува дека концептот на активација „наместо санкции треба да е проследен со иницијативи, придружени со зголемени средства, посветени на активирање“.

Третиот текст (Буљубашиќ) ги анализира реформите во социјалната заштита во Босна и Херцеговина, со посебен акцент на деинституционализацијата и трансформацијата на институциите за социјална заштита. Авторката прави преглед на фазите на реформите на социјалната заштита

fail to comply with the obligations, contributed to the reduction of the number of recipients of social assistance. Also, this policy contributed to “an increase in poverty, especially among older people and women, because they have lost financial benefits not arising from the insurance in old age”.

The subsequent paper analyses the reforms of social protection in Serbia (Perisic) through the activation perspective of social assistance beneficiaries. She points out to a number of challenges associated with the implementation of the activation concept in Serbia, which as such have been disputed by civil organizations and trade unions. According to the author, part of the arguments for these disputes concerned forced labour and community work, indicating that “registration of beneficiaries of social assistance as employed persons aims to artificially increase the economic activities of the country” and that “the perception of labour in the activation regulation can be described as forced, which leads to a violation of international norms”. The author concludes that the concept of activation should be “accompanied by incentives not sanctions, as well as by the increase in activation funding”.

The third paper (Buljubasic) analyses the reforms in social protection in Bosnia and Herzegovina, with particular emphasis on deinstitutionalization and transformation of social protection institutions. The author reviews the phases of social protection reforms in BiH,

во БиХ, истакнувајќи ги притоа ограничувачките фактори и неопходните промени кои треба да се направат во делот на деинституционализацијата. Покрај сетот на јавни мерки кои треба да ги преземат јавните власти, авторката смета дека е неопходно и „сензибилизирање на јавноста за придобивките од вон-институционалната грижа“. Според авторката неопходните легислативни редефинирања се, исто така, неизвесни „поради стравот од евентуални негативни фискални ефекти и неуспех да се постигне договор за изворот на финансиските обврски што произлегуваат од овие закони“.

Последниот текст во овој број ја анализира супервизијата во социјалната и детската заштита во Црна Гора. Авторите (Јанковиќ и Илиќ) даваат преглед на состојбите и карактеристиките на супервизијата во центрите за социјална работа во Црна Гора. Идентификуваните предизвици, врз основа на добиените резултати од фокус групата за примената на хибридната супервија во Црна Гора, вклучуваат: „поголем фокус врз квалитетот на услугите, отколку на развојот на стручниот кадар; спречување воспоставување на структуриран пристап за надзор не ја почитува поддржувачката функција на надзорот, и сл.“. Авторите даваат низа на препораки за подобрување на актуелнот модел на супервизија , меѓу кои се: диференцијација помеѓу надворешниот и внатрешниот надзор, како инсистирање на развој на образовни и поддржувачки функции на надзор во центрите за социјална работа.

highlighting the limiting factors and the necessary changes that need to be made in the area of deinstitutionalization. Besides the set of public measures that need to be taken by the public authorities, the author considers the “awareness raising of the public related to the benefits of the non - institutional care” as necessary. According to the author, the necessary legislative redefinition is also uncertain “due to fear of the possible negative fiscal effects and failure to reach agreement on the sources of the financial obligations under these laws”.

The last paper in this issue analyses the supervision in social and child-care in Montenegro. The authors (Jankovic and Ilic) provide a review of the situation and characteristics of the supervision in social work centres in Montenegro. The identified challenges, based on the results of the focus group and related to the application of the hybrid supervision model in Montenegro, include: “a greater focus on service quality than the development of professional staff; preventing the establishment of a structured supervisory approach does not respect the supervisory support function, etc.”. The authors give a series of recommendations for improving the current model of supervision, among which are: differentiation between external and internal supervision, as well as insisting on the development of educational and supportive functions of supervision in the centres for social work.

Севкупниот тематски опфат на 14-от број на Ревијата за социјална политика се стреми да даде поттик за надополнување на постоечките истражувања, поврзани со реформите во социјалната заштита, како и основа на реформски активности кои се преземаат да бидат согледани од аспект на пресретнување на предизвиците на кои овие текстови и анализи укажуваат.

Главен уредник:
Маја Геровска - Митев

The overall thematic scope of the 14th issue of the Journal of Social Policy aims to emphasize the need for additional research related to reforms in social protection systems, as well as to provision of a ground for assessment of undertaken reforms in terms of anticipating identified challenges, which were referred in this issue.

Editor-in-chief:
Maja Gerovska Mitev